Република Македонија
Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ К-2-2017

## Резиме


- **Бруто-домашниот производ** во К-2-2017 во однос на истиот квартал во 2016 година забележа пад од 1,8% на реална основа;
- **Бројот на вработени** во К-2-2017 е повисок за 2,7% во однос на истиот квартал во 2016 година. **Бројот на невработени** се намали за 5,2%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-2-2017 на 22,6%;
- **Стапката на инфлација** во К-2-2017, мерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува 1,2% на годишна основа;
- Просечната **бруто-плата** во К-2-2017 изнесува 33.482 денара и бележи раст од 2,3% на номинална основа, односно раст од 1,0% на реална основа, споредено со бруто-платата во К-2-2016;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-2-2017 се повисоки за 5,3%, а вкупните **буџетски расходи** за 13,2% споредено со истиот квартал во 2016 година;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-2-2017 се зголеми за 0,2% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-2-2017 бележи раст од 2,2% на квартална основа;
- Македонскиот берзански индекс **МБИ-10**, во јуни 2017 година се зголеми за 1,4% во однос на март 2017 година. Споредено со претходниот квартал, вкупниот промет остварен на берзата во К-2-2017 регистрираше пад од 2,6%;
- Во К-2-2017 е забележан раст на **извозот на стоки** од 17,0%, како и на **увозот на стоки** од 8,2% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа раст од 11,8%;

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

Бруто-домашниот производ во К-2-2017 во однос на истиот квартал во 2016 година забележа пад од 1,8% на реална основа. Номиналниот раст на БДП изнесува 2,7% на годишна основа, со што БДП дефлаторот изнесува 4,6%.

Графикон 1.1. Реална стапка на раст на БДП; Извор: ДЗС




Анализирано според производната страна на БДП, градежната дејност во К-2-2017 забележа пад од 17,3% на реална основа, со што продолжи падот на активноста во оваа дејност. Намалена активност во К-2-2017 забележаа и услужниот и индустрискиот сектор. Падот во услужниот сектор изнесува 0,8%, што се должи на намалената активност во дејностите: Јавна управа и одбрана, образование и здравство (4,1%), Уметност, забава, рекреација и останати услужни дејности (10,5%), Дејности во врска со недвижен имот (2,6%) и Стручни, научни, технички и административни дејности (4,7%), додека раст на активноста има во дејностите: Трговија, транспорт и угостителство (3,9%), Информации и комуникации и Финансиски и дејности на осигурување (по 1,0%).

Индустрискиот сектор во К-2-2017 забележа пад од 1,4%, по растот од 2,1% во претходниот квартал, што главно се должи на падот во Преработувачката индустрија од 1,6%. Согласно месечните податоци за индустриското производство, неповолни движења во Преработувачката индустрија во периодот април – јуни 2017 година се забележани кај: производство на останата опрема за транспорт (62,4%), преработка на дрво и производи од дрво (21,2%), производство на електрична опрема (13,9%), производство на облека

Графикон 1.2. Годишна стапка на раст на индустрискиот сектор; Извор: ДЗС



(12,7%), производство на метали (12,2%), производство на кожа (10,5%), производство на мебел (8,5%), печатење и продукција на снимени медиуми (1,5%) и производство на прехранбени производи (1,3%).

Од друга страна, раст е остварен кај: поправка и инсталирање машини и опрема (35,5%), производство на машини и уреди (21,9%), производство на други неметални минерални производи (21,3%), производство на моторни возила (16,6%), производство на пијалаци (13,7%), производство на фабрикувани метални производи (11,8%), производство на тутунски производи (11,7%), производство на компјутерски, електронски и оптички производи (7,8%), производство на фармацевтски производи и препарати (6,7%), производство на текстил (5,8%), производство на хартија и производи од хартија (3,8%), производство на производи од гума и пластични маси (0,9%), производство на хемикалии и хемиски производи (0,5%) и останата производствена индустрија (3,6%).

Во земјоделскиот сектор продолжија поволните движења со засилена динамика, односно реалниот раст во К-2-2017 достигна 4,1%, по растот од 1,1% забележан во претходниот квартал.

Анализирано според расходната страна на БДП, во К-2-2017 домашната побарувачка има негативен придонес врз економскиот раст, што е последица на високиот пад на бруто-инвестициите. Придонесот на нето-извозот е позитивен и делумно го неутрализира негативниот ефект на инвестициите врз растот.

Финалната потрошувачка во К-2-2017 забележа реален раст од 3,7%, што се должи на зголемената приватна и јавна потрошувачка. Приватната потрошувачка порасна за 4,1%, во услови на раст на вработеноста и на платите. Јавната потрошувачка порасна за 2,0%. Бруто-инвестициите забележаа пад од 19,9% на реална основа во услови на значително намалување на активноста во градежната дејност согласно податоците од производната страна на БДП.

Извозот на стоки и услуги во К-2-2017 порасна за 8,5% на реална основа, главно како резултат на растот на извозот на капацитетите во слободните економски зони, во услови на поволни движења на надворешната побарувачка, т.е. раст на економската активност во ЕУ како најзначајна дестинација за пласман на македонските производи. Растот на увозот на стоки и услуги во К-2-2017 забави и изнесуваше 3,5% на реална основа, по високиот раст од 10,7% во претходниот квартал, со што нето-извозот има позитивен придонес врз економскиот раст.

Позитивните движења на пазарот на трудот продолжија и во К-2-2017. Според Анкетата на работна сила, бројот на вработени лица е повисок за 2,7% во однос на истиот квартал во 2016 година и е придружен со пад на бројот на невработени лица од 5,2% на годишна основа. Бројот на активно население забележа раст од 0,8%.

Ваквите движења на пазарот на работна сила предизвикаа стапката на невработеност во К-2-2017 да се намали на 22,6%, односно за 1,4 п.п. споредено со истиот квартал во 2016 година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,3 п.п.. Стапката на вработеност во К-2-2017 изнесува 44,1% и во однос на истиот квартал во 2016 година е повисока за 1,2 п.п.. Активното население претставува 56,9% од вкупното работоспособно население и е зголемено за 0,4 п.п. на годишна основа.




## 2. Цени, плати и продуктивност

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-2-2017 изнесува 1,2% на годишна основа, по растот од 0,5% забележан во К-1-2017. Растот на потрошувачките цени во К-2-2017 е резултат на зголемените цени во категориите: Комуникации од 9,7%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,5%, Ресторани и хотели од 4,4%, Транспорт од 2,7%, Облека и обувки и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од по 1,1% и Храна и безалкохолни пијалаци од 0,3%. Највисок пад на цените во К-2-2017 е регистриран во категоријата Здравје од 0,6%, следен од категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива, Рекреација и култура и Останати стоки и услуги од по 0,4% и Образование од 0,3%.




**Цените на мало** во К-2-2017 споредено со истиот квартал во 2016 година бележат зголемување од 2,6%, по растот од 1,8% во К-1-2017. Цените на стоките во К-2-2017 забележаа раст од 1,4%, а цените на услугите од 4,6% споредено со истиот квартал

во 2016 година. Во рамки на категоријата Стоки, цените на индустриските производи се зголемени за 1,5%, а цените на земјоделските производи за 0,1%. Растот на цените на индустриските производи е резултат на повисоките цени кај сите групи, и тоа: на тутунот за 8,9%, на непрехранбените индустриски производи за 1,6%, на прехранбените индустриски производи за 0,4% и на пијалаците за 0,1%.

Графикон 2.2. Годишна стапка на раст на просечна бруто-плата; Извор: ДЗС




Просечната месечна **нето-плата** во К-2-2017 изнесува 22.790 денари и е за 2,2% повисока на номинална основа споредено со истиот квартал 2016 година. На реална основа, нето-платата регистрира зголемување од 1,0%. Просечната месечна **бруто-плата** изнесува 33.482 денари и бележи раст од 2,3% на номинална основа, односно раст од 1,0% на реална основа.

**Продуктивноста на трудот** во К-2-2017 бележи намалување од 4,3%, по падот од 2,7% во претходниот квартал, како последица на растот на бројот на вработени во услови на пад на производството.

# 3. Фискален сектор

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните буџетски приходи во К-2-2017 забележаа учество од 28,4% од реализираниот квартален БДП и се повисоки за 5,3% споредено со истиот квартал минатата година, што се должи на повисоката реализација на даночните приходи и социјалните придонеси, како и на повисокото остварување на неданочните приходи. Притоа, кај даночните приходи беше забележана повисока наплата кај персоналниот данок на доход, кај данокот на добивка, данокот од акцизи и царинските давачки, додека кај приходите од данокот на додадена вредност беше реализирана пониска наплата.

Кај **индиректните даноци**, приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 43,1% од вкупните даночни приходи во К-2-2017, и воедно се пониски за 5,1% споредено со истиот квартал минатата година. Во структурата на данокот на додадена вредност, најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата.

Споредено со истиот квартал од 2016 година, приходите од акцизи се повисоки за 10,0%, а од царини за 8,9%.

Во рамки на **директните даноци**, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 11,9%, а кај приходите од данокот на добивка од 33,0% во однос на истиот квартал претходната година, што се должи на зголемената наплата по основ на месечни аконтации.

Наплатата на индиректните даноци во К-2-2017 е зголемена за 0,3%, а зголемувањето кај директните даноци изнесува 21,6% во однос на К-2-2016. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, приходите од директни даноци на годишна основа го зголемија своето учество во БДП за 0,8 п.п. (4,9% од кварталниот БДП), додека учеството на приходите од индиректни даноци во БДП е намалено за 0,3 п.п. и изнесува 12,0% од БДП во К-2-2017.

Графикон 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-2-2017;
Извор: МФ




Наплатата на **социјалните придонеси** беше повисока за 4,3%, при што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 4,1%, кај придонесите за здравствено осигурување од 4,8% и кај придонесите за вработување од 4,7%.

**Неданочните приходи**, кои претставуваат 1,7% од кварталниот БДП, во К-2-2017 беа реализирани за 0,5% повеќе во однос на истиот квартал во 2016 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-2-2017 беа пониски за 13,5% на годишна основа. Приходите по основ на донации од странство забележаа зголемување за 41,2%.

## 3.2. Приходи по буџетски корисници[1]

Буџетските приходи и приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку **Министерството за финансии – функции на државата** и во К-2-2017 тие изнесуваат 30,7 милијарди денари, односно 92,8% од приходите и приливите на сите буџетски корисници, а претставуваат 20,3% од годишниот план

[1] Податоците се неконсолидирани и ги вклучуваат и приливите на средства.

на овој буџетски корисник. Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата, преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 83,8% од вкупните приходи и прилив на овој буџетски корисник, при што нивната наплата во вториот квартал достигна 24,8% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување во овој период изнесува 2,1 милијарда денари, што претставува 6,8% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука има остварено приходи во износ од 473 милиони денари, односно 1,4% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел, односно 81,1% од вкупниот износ претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за здравство во К-2-2017 оствари приходи во износ од 277 милиони денари, или 0,8% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Најголем дел, односно 60,6% од вкупниот износ е по основ на даночни приходи.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за транспорт и врски, чии вкупни приходи и прилив изнесуваат 244 милиони денари, односно 0,7% од приходите и приливот на сите буџетски корисници, а речиси во целост претставуваат приходи од заеми, односно се остварени во вид на задолжување од странство.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,2% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот преглед објавен во прилог на извештајот.

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, кои во К-2-2017 изнесуваат 16,0 милијарди денари и претставуваат 24,6% од годишниот план на Фондот.

## 3.3. Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните буџетски расходи во К-2-2017, со учество од 31,5% во кварталниот БДП, забележаа повисока реализација за 13,2% споредено со истиот квартал во 2016 година.

Тековните расходи, што претставуваат 29,1% од кварталниот БДП, забележаа учество од 92,5% во вкупните расходи и беа реализирани за 12,6% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа реализирани за 4,6% помалку, а кај расходите за плати и надоместоци беше забележано зголемување од 1,3% во однос на истиот квартал во 2016 година.

Средствата за трансфери, кои учествуваа со 70,2% во вкупните расходи, беа реализирани за 18,7% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 8,0% и учествуваа со 48,9% во вкупните расходи. Трансферите

кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, што зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 8,2% и забележаа учество од 29,9% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 20,6%, односно забележаа зголемување од 54,4% споредено со вториот квартал во 2016 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 0,8%, а субвенциите и трансферите беа реализирани за 155,4% повеќе.

Расходите за каматни плаќања беа намалени за 24,7% на годишна основа, при што расходите по камати на домашен долг забележаа намалување од 17,5%, а каматните расходи за странскиот долг се намалени за 33,6%.

Капиталните расходи, што претставуваа 2,4% од кварталниот БДП се реализирани за 21,0% повеќе споредено со истиот квартал во 2016 година и оствариja учество од 7,5% во вкупните расходи.

## 3.4. Расходи по буџетски корисници[2]

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува околу 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во К-2-2017 реализираше расходи во износ од 10,5 милијарди денари или 24,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Притоа, најголем дел (73,7%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 7,7 милијарди денари или 24,9% од средствата наменети за 2017 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 19,2% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 25,0% (2,0 милијарди денари) од планираните средства за 2017 година.

Графикон 3.2. Структура на расходи по буџетски корисници во К-2-2017 (во %); Извор МФ




Министерството за образование и наука во К-2-2017 изврши буџетски средства во износ од 5,6 милијарди денари, што претставува 23,8% од вкупниот буџет за 2017 година. Најголем дел од расходите (58,4%) претставуваат

[2] Податоците се неконсолидирани и ги вклучуваат и одливите на средства.

тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа, за што се потрошени 3,3 милијарди денари или 25,3% од вкупно планираните средства. Платите и надоместоците се втора најзначајна ставка со учество од 14,5%, за што се потрошени 820 милиони денари, односно 24,5% од вкупно предвидените. За стоки и услуги, кои учествуваат со 13,2% во вкупните расходи, реализирани се 744 милиони денари, што претставува 18,9% од вкупно предвидените средства за оваа година.

Во К-2-2017, преку разделот **Министерство за финансии – функции на држава**[3] реализирани се 6,8 милијарди денари, што претставува 17,8% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 52,3% се за отплата на главнина, за што се реализирани 3,6 милијарди денари или 19,6% од планираните средства за оваа намена. По однос на капитални расходи отпаѓаат 20,2% од вкупните расходи, за што се реализирани 1,4 милијарди денари или 19,0% од планираното. Трета најзначајна ставка со учество од 11,2% се трошоците за каматни плаќања, за што се потрошени 761 милион денари или 9,3% од годишниот план.

Во К-2-2017, од страна на **Министерството за внатрешни работи** вкупно се реализирани 2,2 милијарди денари, што претставува 21,9% од сопствениот буџет за 2017 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат платите и надоместоците со учество од 80,9%, за што се потрошени 1,8 милијарди денари или 24,7% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоките и услугите со учество од 13,2%, за што се реализирани 292 милиона денари или 16,7% од годишниот план.

**Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** реализираше средства во износ од 4,5 милијарди денари во К-2-2017, што претставува 52,4% од планираните средства за тековната година. Најзначајна расходна ставка се субвенциите и трансферите со учество од 86,8%, за што во овој период извршени се 3,9 милијарди денари или 58,6% од планираното. Капиталните расходи учествуваат со 12,7% во вкупните расходи, за што во овој период се реализирани 571 милион денари или 31,3% од годишниот план.

**Министерството за одбрана**, во К-2-2017 изврши буџетски средства во износ од 1,2 милијарди денари, што е 21,2% од вкупниот буџет за 2017 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 72,2%, за што се реализирани 877 милиони денари, што претставува 24,9% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 23,7% во вкупните расходи, за

[3] Во рамките на разделот функции на држава опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

што во анализираниот период се потрошени 288 милиони денари, односно 21,1% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во К-2-2017 реализираше буџетски средства во износ од 1,0 милијарда денари, што е 17,1% од вкупниот буџет за 2017 година. Тековните трансфери до буџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 43,4%, за што во овој период се потрошени 435 милиони денари или 18,1% од средствата наменети за 2017 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 37,9% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 380 милиони денари, односно 20,2% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи, кои учествуваат со 16,3% во вкупните расходи, изнесува 11,2% односно извршени се 163 милиони денари.

Министерството за транспорт и врски во К-2-2017 реализираше средства во износ од 471 милион денари, што е 10,6% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 53,6%, а нивната реализација во овој период изнесува 7,0% односно извршени се 253 милиони денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 37,1% во вкупните расходи, а нивната реализација изнесува 29,1%, односно извршени се 175 милиони денари.

Преку разделот Финансирање на дејностите од областа на културата[4], во К-2-2017 извршени се средства во износ од 966 милиони денари, што е 24,9% од вкупниот буџет за 2017 година. Субвенциите и трансферите имаат највисоко учество во вкупните расходи со 33,1%, а нивната реализација во овој период изнесува 25,4% односно извршени се 320 милиони денари. Капиталните расходи учествуваат со 29,0%, а за оваа намена реализирани се 280 милиони денари или 25,6% од планираното. За плати и надоместоци реализирани се 260 милиони денари, што претставува 24,8% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 27,0% од вкупните расходи.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот преглед објавен во прилог на извештајот.

### 3.5. Буџетски дефицит и државен долг

Во вториот квартал од 2017 година, дефицитот на консолидираниот Буџет изнесува 4.739 милиони денари или 3,1% од реализираниот БДП за овој квартал, а

[4] Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарство, филмска дејност, музичка и сценско-уметничка дејност, заштита на културното наследство, ликовна и галериска дејност, културно-уметнички манифестации, музејска и кинотечна дејност, меѓународна соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организации од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

дефицитот на Централниот буџет изнесува 4.145 милиони денари, односно 2,7% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-2-2017 изнесуваше 38,0% од БДП и забележа намалување на своето учество во БДП за 0,1 п.п. во однос на К-1-2017. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг, во однос на К-1-2017, е зголемено за 0,2 п.п. и изнесува 63,1% од вкупниот државен долг. Учеството на внатрешниот долг е зголемено на 36,9% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.3. Државен долг и негова структура; Извор: МФ




## 4. Монетарно-финансиски движења

Во вториот квартал од 2017 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 3,25%, откако претходниот квартал ја намали за 0,5 п.п., од 3,75% на 3,25%, што се должеше на постојаното стабилизирање на очекувањата на економските субјекти и континуираното исцрпување на ефектите од политичката криза, како и на поволните движења на девизниот пазар, благодарение на интервенирањето на НБРМ со откуп на девизи. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во јуни 2017 година изнесуваше 0,5% и во споредба со претходниот квартал остана непроменета.

**Примарните пари**[5] во К-2-2017 регистрираа раст на квартална основа од 0,3% (во претходниот квартал беше регистриран раст од 1,1%), како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек за 4,9%, додека вкупната ликвидност на банките регистрираше намалување од 4,3%. Во однос на К-2-2016, примарните пари се зголемија за 5,1% (во К-1-2017 беше регистриран раст од 8,0%), во услови на раст на готовите пари во оптек од 10,1% и раст на вкупната ликвидност на банките од 0,2%.

Во К-2-2017, најтесната парична маса М1 забележа зголемување од 4,6% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 забележа раст од 0,9%, а најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 0,7%.

[5] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Вкупниот депозитен потенцијал[6] на банките во К-2-2017 се зголеми за 0,2% на квартална основа, додека во претходниот квартал депозитниот потенцијал се намали за 1,3%. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се намалија за 1,9%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,9%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити се зголемија за 1,0%, а девизните депозити се намалија за 0,9%. Степенот на евроизација е намален за 0,4 п.п. во споредба со претходниот квартал, односно изнесува 41,2%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-2-2017, споредено со претходниот квартал, остана непроменето и изнесува 27,3% (во К-1-2017 изнесуваше исто така 27,3%), а долгорочните депозити се зголемија за 0,3% во однос на претходниот квартал. Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа намалување од 1,8%.

Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор во К-2-2017 забележа квартално зголемување од 2,2% (додека во претходниот квартал регистрираа намалување од 0,8%), во услови на раст на кредитите кон приватните претпријатија од 1,7%, додека кредитите кон домаќинствата се зголемија за 3,0%.

Графикон 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ




Од валутен аспект, денарските и девизните кредити во К-2-2017, споредено со претходниот квартал, се зголемија за 2,7% и 0,1%, соодветно. Според рочноста, долгорочните кредити во К-2-2017 во однос на претходниот квартал бележат раст од 1,6%, а краткорочните кредити се зголемија за 2,3%.

Каматната стапка на денарските кредити во К-2-2017 изнесува 6,3% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-2-2017 изнесува 5,0% и е намалена за 0,1 п.п. во однос на претходниот квартал. Каматната стапка на денарските депозити во К-2-2017 изнесува 2,2% и е намалена за 0,1 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,9% и е непроменета на квартална основа. Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-2-2017 изнесува 5,5%,

---

[6] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

а на новоодобрените девизни кредити 4,5%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 1,7% и 0,9%, соодветно.

Графикон 4.2. Каматни стапки (КС) на депозитни банки; Извор: НБРМ




На **пазарот на капитал**, во К-2-2017 се забележа пад на вкупниот промет на берзата за 2,6% во споредба со претходниот квартал, што се должи на намалениот промет од блок трансакциите за 24,4%, додека прометот од класичното тргување се зголеми за 8,2%. Во однос на истиот квартал во 2016 година, вкупниот промет забележа раст од 21,1%, во услови на зголемување на прометот од класичното тргување и блок трансакциите за 27,0% и 10,0% соодветно.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења, на крајот на вториот квартал изнесуваше 2.282,34 индексни поени, што претставува раст од 1,4% во однос на март 2017 година, додека во однос на јуни 2016 година индексот е повисок за 33,7%.

Графикон 4.3. Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза




## 5. Надворешен сектор

### 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-2-2017 изнесува 2.921,8 милиони евра и бележи раст од 11,8% во однос на истиот квартал во 2016 година.

**Извозот на стоки** во К-2-2017 изнесува 1.235,8 милиони евра и во однос на К-2-2016 бележи раст од 17,0%, а во однос на претходниот квартал раст од 8,6%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-2-2017 во однос на истиот квартал во 2016 година се забележуваат кај:

Графикон 5.1. Надворешно трговска размена; Извор: ДЗС




- машини и транспортни уреди за 24,5% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: електрични машини, апарати и делови за 34,5 милиони евра или 29,6%; индустриски машини и делови за 21,9 милиони евра или 18,0% и друмски возила за 17,8 милиони евра или 43,1%);
- хемиски производи за 19,5% (хемиски материи и производи за 48,5 милиони евра или 22,2%);
- суровини освен гориво за 61,3% (метална руда и отпадоци од метал за 20,9 милиони евра или 61,2%);
- пијалаци и тутун за 55,5% (тутун и производи од тутун за 15,1 милион евра или речиси двојно повеќе);
- производи класирани по материјалот за 11,0% (железо и челик за 7,6 милиони евра или 7,3%);
- производи за храна за 8,3% (жита и преработки од жита за 2,3 милиони евра или 14,8% и месо и преработки од месо за 2,0 милиона евра или 28,2%) и
- минерални горива и мазива за 38,9% (нафта и производи од нафта за 2,6 милиони евра или 29,4%).

Од друга страна, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- разни готови производи за 6,4% (во чии рамки најголем пад забележаа категориите: облека за 8,7 милиони евра или 7,6% и мебел и негови делови, постелнина, душеци и слично за 4,0 милиони евра или 10,6%) и
- животински и растителни масла за 67,0% (цврсти растителни масла и масти-сирови, рафинирани или фракциони за 3,8 милиони евра или 69,9%).

Гледано **по економска намена,** во К-2-2017 најголемо учество во извозот има категоријата стоки за индустриски набавки (48,3%), по која следуваат: производи за инвестиции без транспортна опрема (15,5%), стоки за широка потрошувачка (14,0%), транспортна опрема (12,5%), храна и пијалаци (8,6%) и горива и мазива (1,0%).

**Увозот на стоки** во К-2-2017 изнесува 1.686,1 милион евра и е зголемен за 8,2% во однос на К-2-2016, односно за 8,1% во однос на претходниот квартал.

Анализирано **по сектори** на СМТК, позитивно придвижување на увозот во К-2-2017 во однос на К-2-2016 се забележува кај:

- машини и транспортни уреди за 8,8% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата електрични машини, апарати и делови за 37,4 милиони евра или 39,1%);
- производи класирани по материјалот за 5,5% (обоени метали за 14,7 милиони евра или 6,9% и изработки од неметални минерали за 9,5 милиони евра или 10,7%);
- минерални горива и мазива за 23,6% (нафта и производи од нафта за 12,2 милиона евра или 13,2% и електрична енергија за 8,8 милиони евра или 53,0%);
- суровини освен гориво за 47,7% (метална руда и отпадоци од метал за 14,0 милиони евра или повеќе од двапати);
- производи за храна за 8,4% (месо и преработки од месо за 4,2 милиона евра или 14,3% и шеќер, преработки од шеќер и мед за 3,7 милиони евра или 41,7%);
- хемиски производи за 4,2% (хемиски материи и производи за 4,2 милиона евра или 10,4% и пластични материи во примарни форми за 2,1 милион евра или 10,7%) и
- разни готови производи за 0,7% (мебел и негови делови, постелнина, душеци и слично за 1,4 милиони евра или 8,9%).

Негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- пијалаци и тутун за 9,4% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата тутун и производи од тутун за 2,8 милиони евра или 26,9%) и
- животински и растителни масла за 16,6% (цврсти растителни масла и масти-сирови, рафинирани или фракциони за 2,4 милиони евра или 18,6%).

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-2-2017
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС



Гледано **по економска намена**, најголемо учество во увозот во К-2-2017 има категоријата стоки за индустриски набавки (51,6%), по која следуваат: производи за инвестиции без транспортна опрема (13,0%), стоки за широка потрошувачка (10,1%), храна и пијалаци (10,0%), горива и мазива (8,7%) и транспортна опрема (6,4%).

Надворешнотрговската размена на Македонија со Европската унија (ЕУ 28) во К-2-2017 е зголемена за 11,9% во однос на К-2-2016, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 69,7%, но е намалено за 0,4 п.п. споредено со вториот квартал во 2016 година. Притоа, во К-2-2017 извозот на стоки учествува со 79,9%, а увозот на стоки со 62,1%.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Македонија, во К-2-2017 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 92,6 милиони евра, што претставува 3,7% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 9,1% од БДП забележан во истиот квартал 2016 година.

Графикон 5.3. Салдо на тековна сметка; Извор: НБРМ




Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-2-2017 е намален за 126,8 милиони евра, што се должи на стеснетиот дефицит на сметката на стоки за 16,5% и зголемувањето на позитивното салдо на сметката на секундарен доход за 19,2%. Спротивно влијание имаше намалениот суфицит на сметката на услуги за 22,0% и зголемениот дефицит на сметката на примарен доход за 2,9%.

Во К-2-2017, во услови на поголем раст на извозот од увозот на стоки, **трговскиот дефицит** на годишно ниво бележи подобрување за 84,6 милиони евра, односно изнесува 17,2% од кварталниот БДП, и е стеснет за 4,0 п.п. споредено со дефицитот остварен во истиот квартал 2016 година.

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-2-2017 изнесува 58,5 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2016 година е намален за 16,5 милиони евра.

**Трговската отвореност** на Македонија во К-2-2017 изнесува 121,3% од кварталниот БДП и во однос на К-2-2016 е зголемена за 8,9 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-2-2017 забележа дефицит од 105,7 милиони евра и истиот е проширен за 3,0 милиони евра на годишно ниво.




Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-2-2017 изнесува 383,0 милиони евра и на годишно ниво е зголемен за 61,7 милиони евра. Растот се должи на зголемувањето на приватните трансфери за 75,7 милиони евра (24,8%), кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 99,5%, додека во спротивна насока дејствуваше намалувањето на официјалните трансфери за 14,0 милиони евра (88,2%).

Салдото на **капиталната сметка** во К-2-2017 изнесува 1,7 милиони евра и во однос на истиот квартал од минатата година е намалено за 1,2 милиона евра, што во целост се должи на намалениот прилив на капитални трансфери.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-2-2017 се негативни и изнесуваат 9,8 милиони евра за разлика од К-2-2016 кога бил регистриран прилив од 61,1 милион евра.




**Портфолио инвестициите** во К-2-2017 изнесуваат 5,9 милиони евра, наспроти негативната вредност од 6,0 милиони евра во истиот квартал од 2016 година. **Останатите инвестиции** во К-2-2017 се негативни и изнесуваат 67,3 милиони евра, во чии рамки, валутите и депозитите изнесуваат 20,0 милиони евра, додека сметките на заемите и трговските кредити и аванси бележат негативно салдо од 25,2 и 61,8 милиони евра, соодветно.

**Девизните резерви** на крајот на вториот квартал од 2017 година изнесуваат 2,4 милијарди евра и во однос на К-2-2016 се зголемени за 6,4%. Девизните резерви на крајот на К-2-2017 обезбедуваат покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период од 4,4 месеци, што претставува адекватно ниво на резерви за водење на монетарната политика.